Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/24), член 14 став 1 точка 7 и член 20 точка 44 од Статутот на општина Струмица („Службен гласник на Општина Струмица” бр. 4/03, 2/06, 15/07, 2/10, 21/10, 1/15, 8/18, 16/19 и 29/19), Советот на општина Струмица, на седницата одржана на 26.12.2025 година, донесе

**Одлука**
**за доделување на еднократна парична помош на семејства со првачиња запишани за прв пат во основните училишта во општина Струмица во учебната 2026/2027 година**

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува право на доделување на еднократна парична помош од Буџетот на општина Струмица за 2026 година за семејства со прваче во нето износ од 2.000,00 денари.

Член 2

Право на еднократна парична помош на семејства со прваче имаат родителите на сите првачиња запишани за прв пат во општинските основни училишта во Општина Струмица во учебната 2026/2027 година.

Член 3

За остварување на правото на еднократна парична помош на семејства со прваче се поднесува Барање до Градоначалникот на општина Струмица, од 01.05.2026 година до исполнување на предвидениот број, а најдоцна до 29.11.2026 година.

Барањата кои ќе бидат поднесени по наведениот период нема да бидат предмет на разгледување.

Член 4

Со Барањето за остварување на еднократна парична помош на семејства со прваче се приложуваат следните документи:

Потврда за запишан ученик во прво одделение за прв пат во учебната 2026/2027 година, заверена од општинско основно училиште од Општина Струмица

Фотокопија од извод на родени на детето

Фотокопија од лична карта на родителите/старателите

Фотокопија од трансакциска сметка на родителот/старателот кој го пополнува барањето

Изјава за давање согласност за користење и обработка на лични податоци на родителот/старателот кој го пополнува барањето

Член 5

Еднократната парична помош на семејства со прваче, врз основа на приложената документација ја доделува Градоначалникот на општина Струмица со поединечно Решение.

Член 6

Средствата за оваа намена ќе се издвојуваат од Буџетот на општина Струмица за 2026 година.

Член 7

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Струмица“.

Бр.08- 9658/1
29.12.2025 год.
С т р у м и ц а

Совет на општина Струмица
Претседател,
Никола Маџунков